# FIX 71







### УНИВЕРЗАЛНО ЛЕПИЛО ВО СПРЕЈ

Универзално неопренско лепило во спреј за употреба во домаќинството и во индустријата.

### СВОЈСТВА

- Лесно за користење
- Цврсто прилепува
- Вентил со три позиции за различни ширини на нанесување

### НАМЕНА

- Може да се користи за лепење на метал, дрво, стакло, полиуретанска пена, хартија, текстил, плута, пластика, полиетилен, најлон...
- Овој производ не се користи за поставување теписи.

### ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Основа | неопрен |
| Изглед | течност |
| Мирис | карактеристичен (сличен на растворувач) |
| Отворено време | 2 - 13 мин. |
| Потрошувачка | 150 - 300 g/m$^2$ |
| Содржина на сува материја | 25 - 27% |
| Густина (20 °C) | ≥ 1g/cm$^3$ |
| Вискозност (20 °C) | 100 - 150 mPas |
| Најпогодна температура за нанесување: | од 15 до 23 ˚C |

### НАЧИН НА УПОТРЕБА

- Површините мора да бидат чисти и без прашина и маснотии.
- Добро протресете ја содржината пред употреба.
- Држете ја лименката на растојание од 15 до 20 cм од површината додека прскате.
- Нанесете го лепилото подеднакво на двете површини што треба да се залепат.
- Почекајте 5 минути за да се исуши лепилото и потоа спојте ги двете површини.
- Конечната цврстина на сврзување се постигнува по 24 часа.
- По употребата, свртете ја лименката наопаку и притискајте го вентилот сѐ додека лепилото не излезе од распрскувачот.

### АМБАЛАЖА

- Аеросол од 300 ml.

### СКЛАДИРАЊЕ

18 месеци. Чувајте го производот во исправена положба на температура од 5 - 35 °C, не го изложувајте на директна сончева светлина.

## ИНФОРМАЦИИ ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА ЛЕПИЛОТО ВРЗ ЗДРАВЈЕТО И ЗА НЕГОВО БЕЗБЕДНО КОРИСТЕЊЕ, РАКУВАЊЕ И ОТСТРАНУВАЊЕ

Дополнителни информации за безбедноста, упатства за безбедно ракување, информации за личната заштитна опрема и информации за отстранување на лепилото може да се најдат во безбедносниот лист. Безбедносниот лист е достапен на барање. Може да добиете примерок и од вашиот продажен претставник на ТКК.

## ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Дадените информации се врз основа на нашите тестирања и практично искуство. Сепак, поради специфичните услови и методи на работа препорачуваме да се направи проба пред секоја употреба.

TKK d.o.o.
Srpenica 1, 5224 Srpenica, Slovenia
+386 5 38 41 300, tkk.si

Visit us on
tkk-fix.com